Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-3110/18
06-12-2018 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 120/16, 165/17 и 83/18) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-3110/13 од 31.10.2018 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-3110/14 од 05.11.2018 г. одржана на ден 02.11.2018 г, Извештај од спроведена постапка бр.05-3110/15 од 06.11.2018 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**11/2018** , Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи.

На основ на Записник од отворање на понуди бр.05-3110/13 од 31.10.2018 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-3110/14 од 05.11.2018 г. одржана на ден 02.11.2018 г, Извештај од спроведена постапка бр.05-3110/15 од 06.11.2018 од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3110/2 од 06.09.2018, со примена на постапка со Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за **Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи** се доделува на:

Друштво за ревизија,процена и финансиски консалтинг
**,,ЕЛИТ,, ДООЕЛ Скопје**
**Ул.,,Македонија,, бр.27-2/17,**
**Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од денот на добивањето на одобрувањето на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година и на финансиските извештаи за 2018 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2018 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2018 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје со Акционерското друштво Градски Трговски Центар Скопје за 2018 година од страна на Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје, да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од

предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.
- Понудувачите чии понуди се отфрлени за причините за отфрлање на нивната понуда,со детално образложение зашто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

изготвил: Анета Тодоровска 06.12.2018
контролирал: Светлана Сотировска

Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија “ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, на седницата, одржана на 18.12.2018 година, донесе

## ОДЛУКА

**за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година и на Финансиските извештаи за 2018 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2018 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2018 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2018 година**

### Член 1

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година и на Финансиските извештаи за 2018 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2018 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2018 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2018 година се избира Друштво за ревизија, процена и финансиски консалтинг „ЕЛИТ“ ДООЕЛ Скопје ул.„Македонија“ бр.27-2/17 во Скопје, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка со прибирање понуди со електронска аукција за ревидирање на Годишната сметка за 2018 година и Финансиските извештаи за 2018 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2018 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2018 година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда, бр.05-3110/18 од 6.12.2018 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10297/1
**18 декември 2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**